СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ЧЕТВРТА (64) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 25.VI.1993 Г.**

ДНЕВЕН РЕД СТР. 2 и 9


| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. АРСОВСКИ БРАНКО | 16, 20 |
| 3. АБДИ ФАИК | 45 |
| 4. АРСОВ ДРАГИ | 35 |
| 5. ЗАФИРОВ ЈОРДАН | 51 |
| 6. МЛАДЕНОВ ВАНЧО | 29 |
| 7. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР | 47 |
| 8. ПАНОВСКИ МИХАИЛ | 15 |
| 9. ПАУНОВ ТОДОСИЈА | 52 |
| 10. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 2 |
| 11. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА | 7, 41, 43 |
| 12. ТЕМЕЛКОВСКИ ПЕТАР | 6 |
| 13. ТАИРИ ЏЕЛИЛ | 8, 24, 28 |
| 14. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН | 56, 59 |
| 15. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ | 5, 10 |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јуни 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 64-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Симон Наумовски, Наум Симјановски, Петар Горѓиев, Панчо Минов, Иван Иванов, Панче Насев, Љупчо Поповски и Стоиле Стојков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети претседателот на Републиката Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на РМ.

Поради карактерот на седницата, предлагам на оваа седница да нема пратенички прашања.

Дали се согласуваме? (Се согласуваме).

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на Републичкиот буџет за 19 93 година;

2. Предлог на закон за извршување на Републичкиот ■ѕ буџет за 19 93 година;

3. Предлог на закон за концесија;

4. Предлог на закон за индустриска сопственост;

5. Предлог на закон за книговодство;

6. Предлог на закон за финансиското работење. Дали има некој против за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор г-динот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со предлог законот за сметководство кој е ставен на дневен ред на оваа седница на Собранието се уредува пресметковниот систем на нашата земја, темите на даночниот систем, евиденцијата на средствата, приходите и расходите и сл.

Ако се знае дека пресметковниот систем е темел на стопанскиот систем, тогаш може да се види важноста на овој закон. Законот аз сметководство е темел и на другите системски закони што ги донесе ова Собрание како и на системските закони кои треба да се донесат.

Законот за сметководство има директно влијание врз работењето на претпријатијата, на приходите и расходите, платите, даноците и придонесите.

Законот за сметководство има директно влијание врз даночниот систем, буџетот и секундарната распределба. Со други зборови со законот за сметководство се уредува економското и финансиското живеење на претпријатието, институциите на системот. Таквата важност на Законот за сметководство бара соодветен пристап и одговорност при неговото донесување. Предлогот на законот за сметководство што се става на дневен ред на оваа седница по својата содржина и решенијата многу се разликува од ставовите што до сега беа презентирани на ова Собрание и на пратениците, текстовите на законот. Големи измени односно промени се насправени во делот на проценката на приходите, расходите и ревалоризацијата односно во одредбите во кои се регулира пресметковниот систем. Овие промени значат промена на пресметковниот систем што до сега се нудеше со претходните текстови на законот.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со овие промени во содржината на законот е ставена во положба поради недостиг на време да не може да ги проучи прописите и овие промени и да заземе став по истите. Поради важноста на овој закон, нашата пратеничка група активно да учествува во донесувањето на овој закон, бараме законот да се одложи за некоја од наредните седници на Собранието.

Во прилог на ова наше барање сакаме да укажеме на следното:

Овој закон треба да се применува од 1 јануари 1993 година односно полугодишната пресметка да се состави по новиот закон. Ако се знае дека со новиот закон се вршат големи промени во начинот на утврдувањето на приходите, расходите, даноците, придонесите и платите и ако истиот се примени ретроактивно, односно од 1 јануари, тогаш многу претпријатија ни криви ни должни ќе се доведат во

незавидна положба. Со овој закон се менуваат условите на стопанисувањето ако тоа се направи ретроактивно односно од 1 јануари, тогаш тоа може да биде погубно за стопанството.

Второ, сите претпријатија и други видови правни лица што вршат услуги ги извршуваат сите подготвителни работи околу полугодишната пресметка. Ако се донесе овој закон на оваа седница и се применува на полугодишната пресметка, тогаш сите претпријатија и други правни лица ги доведуваме во искушение дали оваа законска обврска можат да ја извршат.

Трето, како што сме известени од Службата на општественото книговодство веќе е издадено одобрение да се отпечатат обрасци за полугодишната пресметка. Ако тие обрасци сега се фрлат би се направиле огромни штети во стопанството.

Четврто, сведоци сме дека Службата и другите организации во Македонија имаат отпечатено упатства, закажани советувања за полугодишната пресметка по старите прописи и ако тоа се негира би се направиле големи штети.

Петто, со донесувањето на овој закон би се создале големи проблеми за претпријатијата и сметководствените работници за краток период со недостаточни платенички прописи да изготват полугодишна пресметка.

Поаѓајќи од горе наведените аргументи и причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара да не се уврсти на дневен ред за денешната седница овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, законот за сметководство е во последна фаза, тој бил во 3 фази во постапката за донесување. Околу него се водени доста расправии кога бил предлог за донесување и како нацрт и ние сметаме дека оваа држава нема интерес да одложи донесување на ни еден закон од областа на заокружувањето на финансискиот и пресметковниот систем. Ова го велам од причини што сите учесници, сите политички фактори надлежни за да придонесат тој систем да биде адекватен на нашите определби, на определбите на ова Собрание, имале прилика да учествуваат. Одлагањето може да доведе само до штета, а никако до полза. Доколку законите, еднаш сум рекол сега сакам да повторам, законите од областа на финансиите, пресметковниот систем доколку се покаже дека ги помина сите фази, сите постапки, па се поткраде некој пропуст што може да доведе до огромни последици за претпријатијата, Парламентот, Владата, министерствата се тука можат пронтно да интервенираат и по итна постапка да ги дотеруваат. Тоа се закони од таква област. Ние, во текот на овие месеци, па и сега во нашата Република се присутни бројни експерти од меѓународните финансиски организации чиј интерес е на кој начин ги градиме финансиските институции во државата. Законот за сметководство мислам дека е еден од важните закони и тој има врска и со веќе донесениот закон за данокот на добивка; ко.ј - е на сила од 1 јануари 1993 година. Во постојниот закон за сметководство и финансиско работете има решенија кои веќе не се во согласност со законите што ги носиме од областа на финансиите. Ние донесовме повеќе закони од оваа област, законот за банките, Законот за девизното работење, така што само овој ако се тргне од таа целина на прописи може да предизвика

последици во примената и на веќе донесените закони.

Затоа сметаме дека не е оправдано ниту е целисходно да одлагаме, немаме време за одлагање и треба да се залагаме што побргу да ги донесеме законите од бласта што отвораат простор сто- панските субјекти да делуваат што послободно. Постојните закони што ги уредуваат овие односи се наследени од бивша Југославија. Па, ве молам, доста траела постапката за разгледување на овие закони, премногу, за да сега се бара и натаму да се одложат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Темелковски.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има поднесено предлог-закон за измена на Законот за сметководство. Тој предлог на закон е поднесен во јануари 19 93 година. Овој закон не беше ставен на дневен ред со образложение на премиерот дека се донесува во време на Годишната сметка и има ретроактивен карактер и треба да се применува во цела 1993 година. Можеби овие образложенија држеа во тоа време од аспект на времето и ретроактивноста на овој закон. Целта на тој закон беше следната:

Да се спречи нереалното вреднување на општествениот капитал и прикривање на загубите.

Второ, спречување на прикривање на даноците и придонесите што се прави во праксата.

Според тоа, актуелноста на тој закон денеска е важна за остварување за горе наведените цели. Тој требаше да важи од 1 јануари

1993 година. Денес на дневен ред е новиот закон за сметководство во кој не се вградени нашите решенија со нашиот предлог закон иако Владата имаше дадено такво мислење. Го поставуваме следното прашање, колку Владата и комисиите се принципиелни кога на дневен ред се става закон за сметководство.

Прво, Владата го одби нашиот предлог со следното образложение, дека е поднесен во време на изготвување на Годишната пресметка со кој би се ставиле сите претпријатија во незавидна положба.

Второ, тој закон не треба да има ретроактивност, бидејќи годината е измината. Зарем Владата со предлогот на овој закон не го први истото? Поднесува закон во текот на изготвување на изготвување на полугодишна пресметка и го поднесува законот со ретроактивно дејство. Ако Владата е доследна на своите ставови, тогаш овој закон треба да се симне од дневен ред за некоја од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека оваа точка треба да остане на дневен ред, а во расправата може да учествуваме и да видиме дали тој закон ќе важи од 1 јануари, дали ќе важи од денот на донесувањето и слично. Инаку, мислам дека нема никакви други аргументи кои би оделе во прилог на тоа дека овој закон не треба да го уврстиме во дневниот

ред, бидејќи ние работиме по стари закони кои се утврдени во "Сл. лист на СФРЈ", сметавме дека треба што побрзо да ги измениме тие закони, сега имаме закон за сметководство во фаза на предлог закон и сметам дека нема никакви причини овој закон да го одлагаме заради тоа што во последната одредба од законот стоело дека ќе почне со примена овој закон од 1 јануари. На расправата ќе одлучиме и меѓу другото и за важноста ан овој закон. Поради тоа сметам дека овој закон треба да го уврстиме во дневниот ред за денешната седница, а сигурно овој закон денеска нема да бидеме во состојба да го гледаме, тоа сигурно ќе биде во наредната недела, така што ќе има време и за консултации во пратеничките групи и за одредени изјаснувања по тоа дали овој закон треба да биде во таква верзија каква е предложена имаме време за поднесуваше на амандмани, бидејќи овој закон е во последна фаза, па според тоа сметам дека законот за сметководство треба да влезе во дневниот ред за денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека законот кој Владата., ни го нуди на расправа и усвојување треба да се поддржи од многуте причини што ги кажа и министерот, а и колешката Славјанка во смисла на тоа дека ние се наоѓаме во фаза на трансформација и тек како се потребни во секојдневниот живот и таквите промени. Со оглед на  тоа кога Владата

ни нуди такви закони ние стално наоѓаме начин како истите да не ги усвоиме туку само да ги одлагаме, а во друга крајност велиме дека Владата не ги носи законите. Ова е еден пример кој говори за тоа дека и кај нас, самите пратеници имаме одреден начин на кој сами го стопираме работењето во врска со донесувањето на овој закон. Затоа сметам дека е потребно да се донесе и да расправаме по овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Јас треба да го дадам на изјаснување предлогот на г-динот Стефковски.

Кој е за предлогот на г-динот Стефковски, предлогот на законот за сметководство да се симне од дневниот ред на оваа седница, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен. Меѓутоа, обрнувам внимание оти овде беа дадени сугестии до предлагачот на овој предлог повторно се обраќам. Овде беа дадени сугестии и причините кои беа наведувани за одлагање на овој закон можат да бидат отстранети со амандмани на текстот во текот на донесувањето.

Значи, за седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Републичкиот буџет за 1993 година;
2. Предлог на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1993 година;
3. Предлог на закон за концесија;
4. Предлог на закон за индустриска сопственост;
5. Предлог на закон за книговодство;
6. Предлог на закон за финансиското работење.

Бидејќи нема друг предлог, а предлогот на дневниот ред го давам на изјаснување.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (60 пратеници)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на правата точка од дневниот ред - Предлог на Републичкиот буџет за 1993 година.

Предлогот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

Му давам збор на г-динот министер за финансии со едно воведно излагање.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, Републиката се финансира со времена одлука која ја донесе Собранието во почетокот на годината и по се изгледа ќе припишеме успех што Буџетот не го разгледуваме последниот ден од важењето на оваа одлука, туку 5-6 дена порано.

Постапката за изготвување на Буџетот траеше долго. Усогласувањата помеѓу корисниците на Буџетот и факторите кои учествуваат во донесувањето на Буџетот, прво министерствата корисници, па Министерството за финансии, комисиите на Владата, Владата, комисиите на Собранието доста време изгубија при разгледувањето на Нацртот на буџетот.

При разгледувањето на Нацртот на буџетот и неговото утврдување од страна на Собранието на Македонија ветивме дека сите сугестии, предлози, забелешки кои ќе се изнесат во постапката на разгледување

на Нацртот на буџетот, како на комисиите така и на Собранието, Владата ќе изготви Осврт и ќе одговори на сите тогаш поставени прашања.

II/1.- ЛП-ВБ

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**: (Продолжение)

На ова ветување ние се обидовме да одговориме во прилог на образложението и на Предлогот на буџетот и доставен ви е таков осврт. Со цел да не се повторат одредени прашања сакам да укажам на следното:

За разлика од други години кога Законот за ограничување на јавната потрошувачка, како што ја викаме општата општествена и заедничка потрошувачка, се донесуваше заедно со Буџетот или со Ребалансот на буџетот, овој пат Предлогот на буџетот е на дневен ред кога веќе е на сила Законот за ограничување на јавната потрошувачка според сите облици, па и буџетската. Во тој закон е утврден износот на вкупната буџетска потрошувачка на Македонија за 19 93 година.

Буџетот на Републиката беше изработен врз база на индикаторите на макроекономската политика што ја утврди Владата, при што претпоставка беше дека ќе се оствари просечна стапка на инфлација во 1993 година од 15%. На тој начин се дојде до износот од 15 милијарди и 150 милиони денари да изнесува Буџетот за 1993 година. Ова не го велам случајно, затоа што оваа определба беше утврдена во време после месес февруари, кога беше остварена стапка на инфлација од 32%. Во јануари беше 15%, во март 8%, во април 3% и во мај пак 8%. Затоа, износите во позициите што се во Предлогот на буџетот треба да се гледа дека се однесуваат за цела година и под претпоставка дека ќе се оствари таква стапка на инфлација. Тоа е многу битно кога се гледаат остварените износи до крајот на мај, а имате податоци дека една петина е остварена од тие приходи. Значи, битно е да се има предвид дека Законот за ограничување е на сила и тој го утврдил вкупниот обем на средствата на буџетската потрошувачка и да се имаат предвид претпоставките кои беа донесени.

II/2.-

Во постапката за усогласување на барањата на корисниците на Буџетот, изнесени во текот на расправата по Нацртот, Владата изгуби доста време за да дојде до тие усогласувања. Треба да се има предвид дека првпат Буџетот се донесува за цела година за сите свои видови на приходи и расходи, затоа што сме како самостојна независна и призната држава.

Соочени сме со фактот дека во време кога треба да комплетираме одредени државни институции и функции тоа да го правиме во време кога се соочуваме и со кулминацијата на економската криза, објективните и субјективните услови кои тоа го условуваат. Најдени во таа ситуација, Владата успеа во споредба со Нацртот на буџетот да изврши одредени интервенции и процени дека е потребно да се додаде нова позиција околу сервисирањето на дел, многу мал дел на обврските спрема девизните штедачи. Затоа има нова позиција од 200 милиони денари. Се работи за обврски кои државата ги има преземено, а ги нема извршено за исплатите од страна на банките извршени во текот на 1992 година, а не според најновиот закон што Собранието го донесе, чиј извор на средства се средствата што се наплатуваат од продажбата на општествените станови и евентуално, ако Собранието го донесе, Законот за продажба на деловниот простор. Државата зеде обврска само 50% од исплатите извршени во текот на 19 92 година - напоменувам исплати извршени правилно, согласно тогашните прописи и тогашните договори. Сите исплати евентуално извршени над тоа не можат да бидат предмет на сервисирање од страна на Буџетот. Потоа, познато ви е дека со донесувањето на прописите на ова Собрание за девизно работење и за Народна банка извршивме и реформа на девизниот и монетарниот систем, па во таа смисла пораснаа и обврските на Буџетот околу регресот и субвенциите во областа на земјоделството, регресирање на каматите. И тука се соочивме со потребата да ги зголемиме износите за 50 милиони.

II/3.-

Понатаму, се соочивме со фактот дека одредени видови превентивна здравствена заштита, дефинитивно треба да се расчистат односите со Фондот и да поминат во Буџетот на Републиката и во таа смисла исто така направивме напори да ги зголемиме средствата потребни за финансирање на одделните програми, кои вие ќе ги видите во другите закони за финансирање на овие. Овие средства,бевме принудени да ги коригираме позициите од најголемите буџетски корисници, а тоа е Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Во услови кога за одбрана имаме и законска определба дека треба 3% од општествениот производ на Буџетот да издвојувавме, ние одиме на 2,5%и тие ги намалуваме, а исто така и дел од износот наменет за Министерството за внатрешни работи. Плус тоа, во споредба со Нацртот на Буџетот ја бришеме или сосема ја намалуваме позицијата за финансирање на опремувањето на граничните премини. За тие гранични премини сме имале прилика овде да зборуваме и сме рекле дека градежните објекти се завршени, меѓутоа, државата нема можности во текот на оваа година целосно да ги опремува и цени дека нема ни потреба до крај, а очекуваме и помош од странство околу опремувањето на граничните премини. Постои интерес од онаа помош што се најавува да биде наменета за опремување на граничните премини.

Од овие извори глобално успеавме да ги пренесеме за намените кои овде ги спомнав. И за здравството и за науката уште 20 милиони денари исто така со намалување на средствата наменети за Министерството за внатрешни работи.

Ова се оние разлики меѓу Нацртот. Мислам дека сите овие прашања беа предмет на расправа при расправата по Нацртот на Буџетот и Владата и сите учесници, министерствата се убедени дека друго не можеше да се стори.

Сакам да напоменам дека и наведените износи кај многу корисници на Буџетот не се доволни. Не се доволни ни во смисла на веќе донесени прописи и закони кои се на сила. Меѓутоа, ако се квантифицираат сите тие обврски што произлегуваат од права, од наследени закони, јас ви тврдам дека овој Буџет не е во состојба во целина тие да ги алиментира.

На крајот сакам да ви кажам дека оваа држава е должна спрема странство и дека во Буџетот со закон ги има преземено обврските односно одредени обврски на деловните банки за одделни проекти да ги плати. Правиме напори доверителите кои секој ден се тука и понатаму да се одложат затоа што не сме во состојба да ја платиме ни каматата, а камо ли главницата. Меѓутоа, ова нема да трае вечно. Ќе мора, кога тогаш, наредната година во Буџетот да влеземе и со сите наши дефицити. Во нашата земја престојуваат бројни делегации од меѓународните финансиски организации кои ни препорачуваат во иднина Буџетот да биде слика на сите државни дефицити, ако можат да се прогласат дефицитарни буџетите на најразвијните европски земји како што е Германија, Америка, Англија, па не може нашиот буџет да биде урамнотежен како што ние го прикажуваме тука. Ние ќе ги прифатиме нивните стандарди и правила, односно ќе мораме да ги прифатиме затоа што тие на кои им должиш имаат право да се мешаат во она како ти стопанисуваш со своите расположливи средства.

Благодарам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пред да се јавам за дискусија, сакам да кажам една процедурална забелешка. Со оглед на тоа што изгледа стана пракса кај нас да се продава двоен морал, односно конкретно кога премиерот Црвенковски беше пратеник, ние кога го донесувавме Буџетот при старата Влада, цел

II/5.-

ден чекавме да се појави бившиот премиер Кљусев за да можеме да расправаме во негово присуство, бидејќи се работи навистина за важна работа што треба да ја усвоиме. Затоа, инсистирам да биде повикан премиерот на Владата од причина што темата е навистина значајна, тој истиот кога беше пратеник го зборуваше ова од оваа говорница. Ќе почекаме , ќе направиме пауза, нека се сторат напори премиерот да биде повикан и после тоа сакам да дискутирам во врска со Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве имаме едно барање од господинот Михаил Пановски. Јас го давам на изјаснување.

Дали Собранието инсистира да работи само во присуство на претседателот на Владата по Буџетот.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**(од место)

Тогаш не се изјаснувавме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Значи, не се усвојува.

Молам, кој бара збор?

Ова е општ претрес. во начело.

Има збор господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, две ипол години почесто се среќаваме со една иста работа, усвојување на Буџет за 1993 година и мојата констатација во врска со Буџетот - дискутирам сега како пратеник, не дискутирам како претседател на Комисијата за труд и социјална политика - мислам дека методологијата на изготвување на Буџетот е слична со претходните, меѓутоа, збогатена со поголем број на податоци и

информации и едно поопстојно образложение за кое јас како лаик во оваа материја имав шанса да бидам запознат со севкупната структура на корисници на одредени права односно остварувања во рамките на самиот буџет.

Меѓутоа, моја основна забелешка е, мислам начелно, тоа што сметам дека и оваа година како претходните не по вина на Министерството за финансии, пак се задржуваме на исти позиции кои ги имавме и во претходните години. Пред се, структурата на корисниците е иста како и минатата година, со извесно проширување нормално, бројот на корисниците доста зголемен исто така во однос на минатата година, јавната потрошувачка формално се задржува на ниво од 35%, еднакво на 199 2 година, со тоа што не го нарушуваме оној сооднос кој го утврдивме со макроекономската политика, меѓутоа имам едно длабоко убедување дека со овој Буџет повеќе обезбедуваме квантитет во разрешувањето на низа проблеми од јавната потрошувачка, па и од другите сфери, отколку да застапуваме некој посебен квалитет.

На претходните седници на Собранието донесовме еден соодветен заклучок дека сепак Владата,и претходната и оваа Влада, треба да се позабават со одредени работи кои се сврзани со потрошувач- ката на Буџетот, а пред се донесовме заклучок дека треба да извршиме некаква рационализација во јавната потрошувачка, се разбира во таканаречените општествени дејности и други. Според образложението на самиот буџет гледате дека и оваа година имаме еден голем број корисници, да не кажам вработени во јавната потрошувачка, без да се мрдкало во минатата година во извесно намалување. Јавната потрошувачка само за органите на управата и организациите, правосудни органи, казнено-поправни институции, основно и насочено образование, физичка култура и др., бројот на корисниците односно на вработените во овие сфери е 59.782. Згора на тоа ако ги додадеме вработените во Секторот за внатрешни работи од 9 илјади и нешто вработени со народна одбрана околу 900 и нешто, значи ние бројот на корисниците односно

II/7.-

вработените во овој сектор го имаме околу 70.582 лица вработени. Можеби таа бројка не ја кажувам до крај, има и ред други корисници.

Ако направиме една споредба на овие корисници на Буџетот односно на лицата вработени во општествените дејности и онаа што претставува приход од личните доходи на вработените во стопанството, да не кажам и данокот на прометот, тогаш ќе утврдиме дека тој сооднос веќе е нарушен во текот на 19 93 година, а да не зборуваме и за претходната година. Зборувам за тоа дека сме сведоци на една комплетна нарушеност во стопанските организации, а практично Буџетот го базираме на тие два основни извори на платите и добивката. Се прашувам дали има објективна вистина дека можеме овој Буџет да го оствариме на начинот кој комплетно сме го предвиделе во рамките на Предлогот на Буџетот за 19 93 година.

Меѓутоа, во таа смисла гледате колку сме недоследни и Владата и ние пратеници, па да не кажам и претходната Влада и соодветните министерства, кога се договоривме дека мораме да направиме една правилна рационализација во сите општествени дејности и потрошувачката да ја усогласиме со можностите на стопанството. напротив, во сите општествени дејности пак сме многу комотни и покрај тоа што плачеме, велиме дека немаме пари, немаме ова, немаме она, меѓутоа, згора на тоа дали со доцнење од еден месец или месец и половина со платите, меѓутоа сепак ние добиваме одредени плати, дури вработуваме нови лица во одредени дејности. Се плашам дека ја сечеме гранката на која длабоко стоиме а верувам дека ќе дојдеме во ситуација да немаме никакво решение ни како Парламент, ни како Влада во оваа смисла.

Лично апелирам до соодветните министерства и до Владата да се зафатат со овие проблеми. Инаку вака стихијно ако се однесуваат кон овој проблем, тврдам дека и ова Собрание и другите ќе се најдеме во уште многу полоша состојба ако го планираме Буџетот за 1994 година и да не зборуваме за реализација на овој Буџет во 1993 година.

II/8.-

Ја само ќе спомнам дека има многу елементи на рационализација во сите дејности, ако паметно меѓутоа селективно и до крај доследно се зафатиме со проблемот. Јас пред малку дискутирав во мојата комисија за труд и социјална политика, заедно со Комисијата за образование и допревме еден проблем дека во образованието постојат низа, низа проблеми, дека немаме инвестиција, немаме тековно одржување на објекти, нередовни лични доходи итн. Потполно го сфаќам предлагачот, Министерството за образование дека има такви тешктоии. Меѓутоа воопшто не можам да го сфатам министерот за образование или помошникот без разлика кој бил тука присутен дека во образованието нема резерви, нема можности за рационализација. Често пати своевремено дискутиравме во делот на образованието дека можеме да направиме рационализација само во однос на патните трошоци. Тврдам дека во рамките на Скопје, во еден голем град со една проширена дејност, километража на локацијата на одредени образовни институти можеме да спасиме голем дел на средства кои се трошат исклучиво за превоз. Зошто? Ние допуштивме лицето кое живее во Горче Петров да работи во Основно училиште "Јане Сандански". Зарем тоа не е можно ако имаме едно единствено министерство да изврши прераспоредување на одредени лица кои работат од тоа училиште да дојде таму, за да не го троши, односно да не биде на товар на овој дел. Во таа смисла мислам дека овие средства може да се користат за тековно одржување на зградите бидејќи сега падна еден предлог дека во моето Агино Село не можеме да ги малтерисаме ѕидовите на училиштето.

III/1 НН/СЛ

**БРАНКО АРСОБСКИ: (**продолжение)

Во моето Агино село не можеме да ги малтерисаме ѕидовите на училиштето, односно паѓаат ѕидовите токму заради тоа што немаме материјални средства за тековно одржување или инвестиционо одржување. Ние практично трошиме на овој дел една голема стапка. Голема стапка само за превозни средства. Ништо не ни фали ако министерот превземе одредени активности, поместување на работниците во соодветно училиште кое практично е лоцирано до местото на живеење на соодветното лице. Тоа е едниот сериозен проблем.

Вториот сериозен проблем во образованието е тоа што голем број на наставници, професори заради помалиот број, односно фонд на часови, примаат цел личен доход. Тоа е неспоиво. Мора фондот на часовите да биде дваесет и еден или дваесет и два за да истиот прима соодветен личен доход. Тоа оди се на уште на оние кои ги исполнуваат обврските од вкупно дваесет и два часа итн. Зборувам сам8аедна резерва, да не зборувам за резервите што се присутни и во физичка култура, и во рамките на социјалната заштита, детската заштита итн.

Односно овој дел мислам дека не постапивме ние по заклучокот кој го утврдивме на Собранието на Република. Тој заклучок остана како празно слово на хартија. Значи, не сме доследни во извршувањето и пак ние ќе кубуриме во овој дел - Теиса да мислам -дека тука треба да се направи место.

Исто така, за мене уочливо е, а донесовме некакви заклучоци, дали не треба да направиме некаква реализација во остварувањето на правата на име на солидарноста. Ние декларативно и уставно се определивме дека сме социјална држава. Меѓутоа, како социјална

држава не значи дека целата популација треба да биде социјална. Ние мораме да направиме рез во таа смисла, мораме да направиме една извонредна политика во однос на средствата наменети исклучиво за категорија на граѓани кои се нашле во положба на социјална потреба и тука нема милост. Да не создаваме демотивација кај одредени граѓани за самовработување, самоиницијатива, итн., бидејќи без разлика, ако социјалната програма ја пренамениме односно нерационално ја користиме таа има обратен ефект кај граѓаните. Во таа смисла мислам дека мораме да направиме напори да ги ангажираме и службите и соодветното министерство.

Ние зборуваме дека имаме еден голем дел на средства што се користат за регреси, компензации итн. Уочливо е кај земјоделците дека регресите, каматите, сите оние привилегии што се даваат за земјоделците не одат кај земјоделците. Одат во прометните организации, одат во оние организации кои на некој начин ги користат тие средства за да ја зголемат цената и практично кај индивидуалниот земјоделец не доаѓаат. Немаме правилна контрола во таа смисла. Министерството за земјоделие мора да се зафати со еден ваков проблем, ако сакаме нешто да постигнеме. Инаку ние планираме буџет, пари и на крај краишта ние не вршиме контрола на тие пари. Во таа смисла ние мораме да бидеме доследни, конкретни и рационални. Декларативно, нашиот граѓанин земјоделец слуша имаме регреси, камати, компензации итн. Јас се прашувам кога е дојдено тоа до правиот земјоделец. Никогаш. Го тврдам тоа, бидејќи практично кога одам во изборните единици секој земјоделец тоа го кажува. Мислам дека во оваа смисла не е само да планираме средства да го оптоваруваме нашето

Министерство за финансии кое извонредно ги предвидело овие работи, меѓутоа, министерството кое предлага трошење на овие средства мора да води сметка и да даде одреден извештај во таа смисла. Ние ко бајаги ќе направевме некоја рационализација или реорганизација на службите за општествени дејности, мислам во сите дејности. Пак се расплинавме. Многу служби, многу дејности обавуваат една иста дејност, една иста намена. Па зарем толку не сме паметни, интелектуално зрели, дека може одредени дејности да ги интегрираме во една дејност, со цел да направиме рационализација и со тоа дел од трошоците да намалиме. Да, имаме шанса. Меѓутоа, за тоа треба волја. Значи , ако имаме волја можеме тоа да го направиме, како и ако имаме одговорност и некој да не следи. Практично ние ги оставивме ситуациите така како што се и мислам дека ќе дојдеме во многу сериозна и независна положба.

Рековме дека ќе правиме рестрикција во заклучокот на нашето Собрание. Дали направиме рестрикција? Не направивме, во однос на рестрикција на користење на средствата ние мораме да се адаптираме според можностите. Јас тврдам, а и министерот тоа го тврди. Приходите и расходите и покрај тоа што се формално подредени и утврдени дека можат да се покријат и едните и другите, мислам дека тука има еден диспаритет, еден нарушен соодност и тврдам дека расходите се далеку поголеми во однос на приходите.

Морам да потенцирам еден сериозен проблем што настана со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Почитувани пратеници мислам дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е во длабок колапс. Овој систем се руши практично. Верувајте дека ние како пратеници и како соодветни министерства ќе имаме сериозни проблеми кога се работи за овој фонд. Ние како држава и како субјекти кои најдиректно учествуваме во рушењето на овој Фонд, настојуваме сите општи проблеми што се јавуваат во ОЗТ односно во претпријатијата, па и во другите јавни служби проблемот да го разрешуваме низ призмата на пензионирање. Овој фонд достигна бројка од преку двеста и десет илјади пензионери Јас ви тврдам дека тој сооднос од 210 илјади пензионери го наруши односот 1:2. Ние практично во делот кој е предвиден за посебни намени предвидуваме за измирување на одредени обврски према ПИО предвидуваме една милијарда денари, според новата вредност. Меѓутоа јас тврдам дека овие средства ни од далеку не можат да ги подмират обврските спрема овој фонд. Фондот се наоѓа во позиција еве на пример овој месец да не може да изврши исплата ни на правата група пензионери, токму заради тоа што за првата група треба 22 милијади средства. Да не зборувам за вкупните средства од 68 илјади. Значи, практично мораме да најдеме начин односно да го измениме односот ако не сега со овој Буџет, со оваа стапка', бидејќи се нарушува масата на средствата, јас не можам да предложам по која стапка треба сега да одземеме , а на пензионерите да дадеме , односно на тој фонд. Меѓутоа, мораме да ги имаме предвид проблемот со пензионерите во самиот ребаланс.

На крај и покрај сите проблеми што ги наведов мислам дека Предлогот на буџетот е прифатлив, од причини што тој е таков каков што е. Структурално ги задоволува потребите, меѓутоа, со апел до Владата моите забелешки и понатаму да ги има предвид за да не дојдеме во

ситуација идната година да не можеме да составиме еден ваков буџет каков што е денеска.

Благодарам.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас накратко ќе изнесам некои мои сугестии околу предлогот на буџетот за оваа година, иако половина година веќе е изминато, меѓутоа, во уводното излагање министерот кажа дека го имавме законот што ја регулираше досега оваа материја.

Прво, општа е констатацијата, а инаку мисијата за економска политика и развој дека поголем дел на забелешки скоро од сите комисии на нашето Собрание не се опфатени во предлогот на буџетот. Секако тука има и реалност во тој однос бидејќи таква ни е состојбата. Нормално дека сите сакаме да ги зголемиме стапките за потребите секојдневни во Републиката, меѓутоа, треба да се движиме во рамките на тоа што би можело. Во условите во кои се наоѓаме, блокадата итн., опаѓањето на физичкиот обем на производството, сето тоа, диктира такво темпо и диктира таква можност. Меѓутоа, и во тие околности и можности мислам дека има потреба кои што можеме и во тие рамки да најдеме реално решение кое што е блиско до реалноста. Морам да признаам дека дел на констатациите на одделни комисии и на одделни членови во Комиси- јата за економска политика и развој. Реални се затоа што мора нешто да почне и во буџетот за оваа година , па и во наредните да се движи во насока да се измени методот и на изготвувањето и на внатрешните односи кои што секојдневно се доградуваат во нашата економија. Сакале или не, ние мораме да признаеме дека добар дел од тие односи како такви досега сме ги имале и сме ги наследиле но некако многу споро оди

со нивната измена. Кога се работи за приходниот дел, пред се, можам да речам дека сосема малку се прави во однос на обезбедувањето на средствата на буџетот. Ние сега од еден систем на стопанисување, преминуваме на друг систем, меѓутоа, со стари методи на работа. На што мислам. Пред се мислам дека не е можно со тие закони , за кои пред малку инсистирав да се разгледаат и со многу други работи во смисла на откривањето на аномалиите што се јавуваат во опфатот на средствата од граѓаните и приватните работодаватели, работните организации итн. Јас сметам дека сеуште имаме еден наследен систем за кој што не сме сеуште доволно спремни да го прифатиме. Кога во околните наши држави, како што е Бугарија, Албанија, итн., има веќе зачетоци на некои квалитетни промени во овој дел, кога станува збор за финансиска полиција и таквите решенија имаат резултати. Во овој дел, со години се слуша дека ќе се формира таква институција меѓутоа, сеуште немаме конкретни резултати. Сметам дека тоа е една од тие причини и треба да се обезбедат сигурносни вентили каде што не ќе може никој да одбегне данокот да го уплати итн. Сето ова мислам дека значи и ефикасен буџет итн., но мораме да бидеме и ние пратениците и Владата и сите за донесување на пропратните закони. Законот за финансиска инспекција, законот за ревизија на претпријатијата, законот за ревизија на јавните претпријатија, законот за обезбедување на јавниот промет, законот за царинските тарифи итн. Иако е макотрпна работата околу донесувањето на тој закон, тоа го кажа и претставникот на Министерството во комисијата, меѓутоа, треба да ги забрзаме сите тие закони за да можеме да го заокружиме целиот процес во однос на ефикасен буџет. Јас овие работи повеќе ги кажувам заради евентуален ребаланс кој би го имале, а сигурно ќе го имаме до крајот на годината,  или евентуално за 1994

година. Сметам дека што се однесува за расходниот дел ние со години, еве трета година, постојано повторуваме одредени барања. Конкретно мислам на научните институции. Тие и понатаму живеат со одреден стандард во однос на другите субјекти во стопанството. Конкретните резултати се такви какви што се таму. Нашата забелешка, мислам на пратеничката група на ПДП-НДП постојано се повторува во однос на тоа што научните институции не ги даваат сите резултати, рамномерно на сите граѓани во Републиката. А, сите граѓани на Републиката партиципираат во нивното работење. Сметам дека еднаш треба да прекинеме со ваквиот начин на работа. Се поставува прашањето и на бојкотирање на дел на средствата што се за нив. Ние ништо друго не бараме тука, туку да се започне еден процес на примање на научни работници од редот на националностите за кои што сите граѓани на Републиката плаќаат. Затоа треба и резултатите од проектите на научните институции да ги вкусат сите граѓани на Републиката.

Исто така, понатаму, неколку пати се повторува соодносот на платите кај органите, за тоа и колегата пред малку зборуваше на Министерството за внатрешни работи и народна одбрана. Тој систем го наследивме уште поодамна и тоа сеуште не е изменето. Ние денес од претставникот на Комисијата добивме радосна вест, така да ја кажам дека нешто за почнало тука да се движи со тоа што платите • кај сите корисници на буџет, нејќна кога имавме поместување, тука се оди со побавно темпо на пораст со што се смета дека за неколку месеци или неколку наредни покачувања ќе дојдеме до нивелирање. Меѓутоа, овде Владата треба да утврди конкретен рок , евентуално ние пратениците до кога ќе ги повторуваме тие работи. Не може еден ист работник, исто работно место во една организација односно корисник на буџет како и другиот корисник на буџет да има разлика во плата. Тоа беше во претходниот систем. Ги правеа како ги правеа, не сум против нивното

залагање, меѓутоа, мора да има правичност. Сега во плурализам нема такви бенефиции какви што се правеа порано.

Исто така, отворено е и прашањето за санирање на банките. Јас не знам дали има некој кој што не бара да се санираат банките, не бара заробените штедни влогови на граѓаните да се вратат. Мислам дека за тоа не е никој против, меѓутоа, тоа се отворени прашања,. Јас реков уште на почетокот дека можностите се тие и има издвоено околу 200 милиони денари за исплати на девизните штедни влогови на граѓаните. Мислам дека овде нешто се движи и сигурно дека во иднина ќе се создадат услови за нивно целосно обесштетување.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:** (Продолжение)

Исто така сметам дека кога се работи за расходниот дел има еден постојан проблем што со години наназад се провлекува во неколку градови во западниот дел на западна Македонија - средствата што се предвидуваат за децата со предучилишна возраст односно средствата што се издвојуваат за таа цел се мали. Тоа го видовме и од буџетот и можам да кажам слободно дека треба да се предвидуваат повеќе средства велам за наредниот период за да бидат опфатени сите деца од предучилишна возраст. Јас мислам дека во тој дел на Република- та не се опфатени ниту 30% од децата, па тоа после влијае во квалитетот на наставата во основното образование итн.

Имаме овде и една друга проблематика, а тоа како што знаеме беше со овој Предлог буџет е скратено правото од 0,30% на 0,15% за Фондот за развој на е доволно развиените подрачја. За ова има и еден амандман од група пратеници за кој што сега не би сакал да зборувам.

Понатаму сакам да потенцирам една проблематика за која што мислам дека би требало да најде место во ребалансот или евентуално за наредниот период, а тоа е еден проблем што се јавува во земјоделието. Има огромни проблеми кај земјоделците што плаќаат еден константен дел на средства на цената за наводнување. Ова е проблем во целата Република и тука никој не знае да даде точен одговор што е тоа константен дел. Кога ги прашуваме водокорисниците тие го кажуваат своето и имаат права. Кога ги прашуваме водостопанските и тоа го кажуваат своето и тие,имаат право . Со оглед на тоа што со децении овој проблем се провлекува, мислам дека не е голем уделот зашто тука се работи за некаде околу 87000 хектари на кои што секоја година константно се плаќа, па не е голем тој износ за да може со 0,9 или 1%

IV/2.-

од Буџетот за да се покрие и со тоа ќе се реши еднаш за секогаш проблемот на тој константен дел за наводнување.

И на крајот една моја лична забелешка, не по повод овој Предлог буџет туку и во врска со некои од претходните закони, овде навистина, ако добро се погледне, тука казнените одредби какви се, џабе што ги носиме. Ова го велам затоа што неможно еден субјект да плати толку високи казни, се работи за 10, 15 и 20 илјади марки и повеќе, за еден прекршок од кој што сметам дека нема ефект. Ние видовме со Законот аз прекршоци во сообраќајот, тој за мене не е справедлив зашто и милиционерот стравува да допре до колата за да не наплатува 150 илјади денари или 200 зашто знае дека тој толку прима плата или не го прима. Сметам дека и во казнените одредби треба нешто да се преиспита, па треба да се има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот сакам да кажам дека ќе гласам за овој буџет од причина што ценам дека навистина е рестриктивен и главно одговара на времето и условите во кои живееме. Мислам дека претседавачот на Комисијата за економски развој во големиот дел од искажувањето ги зафати сите искажувања што беа дадени во Комисијата и не би сакал да се повторувам, меѓутоа, сепак сакам да искажам некои мои размислувања што исто така треба да бидат во функција на спроведувањето на буџетот, бидејќи како таков мислам дека денеска навистина ќе биде прифатен. Тоа беше веќе кажано од повеќе дискутанти дека сигурно е до крајот на годината ќе се очекува ребаланс на тој буџет па мислам дека во таа смисла треба да се согледуваат и тие искажувања.

IV/3.-

Имено сосема е логично познато и видливо од самиот буџет и од образложението по буџетот дека основните извори на буџетот се данокот од плати, данокот на промет од производи и услуги и царинските давачки. Тие три ставки практично претставуваат нека околу 84% од изворите на средствата на буџетот. Сигурно е и логично дека од тие извори зависи реализацијата односно остврувањето на буџетот.

Би рекол поединечно за трите основи. Што се однесува до данокот од плати мислам дека состојбата е сосема позната. Состојбата во стопанството навистина е катастрофална и поголем дел од организациите било општествени или АД или не примаат редовно плати или примаат со големи задоцнувања или главно се определени на плати што се во границите на загарантираните. При тоа средствата што се плани- раат алиментирање на буџетот главно или се занемарливи или минимални. За жал оваа состојба нема надеж дека во блиско време и ќе се промени со оглед на тоа дека материјалната состојба и материјалното производство и понатаму опаѓа. Поголем дел од организациите главно се наоѓа до душа некако и се поклопува со времето, користат колективни годишни одмори, производството е стопирано. Нема производство, нема стока на пазарот, нема нова вредност и оттука велам дека и овој извор што е некаде 33,3% од буџетот е на некој начин лимитиран и ставен под знак прашаше неговото функционирање.

Што се однесува до данокот на промет на услуги мислам дека е слична состојбата од причина што навистина поголем дел од граѓаните не примаат редовно плати и не се јавуваат на пазарот за купување на одредени стоки, поготово на онаа стока што носи поголем данок и повеќе средства во буџетот. Меѓутоа, овде е загрижувачко нешто што на некој начин кај овие организации, трговските кои доскоро беа единствени

снабдувачи на пазарот со сите производи од дома и од странство, на некој начин се ограничени во своето работење од причини што не се во состојба ниту да обезбедат стока ниту да ја пласираат, а наспроти тоа поголем дел на приватни претпријатија, приватни дуќани и продавници работат со полна пареа. Меѓутоа мислам сосема очигледна е констатацијата и на предлагачот на буџетот дека токму од тие не се алиментира буџетот, бидејќи не се даватели во буџетот затоа што овде доста е присутна сивата економија, дивата економија итн. Така да овде мислам дека треба да се преземат многу позасилени мерки од досега што се преземаа од страна на Управата за приходи и од надлежните инспекции бидејќи досегашната контрола што воглавно ја вршеше СОК, тие контроли ги прави во претпријатијата кои досега редовно со тешки напори со тешки маки , да неречам во одредените декади ги плаќаа сите придонеси на државата, меѓутоа таа контрола, незнам, се ми се чини практично дека не се овластени да ја вршат во приватните претпријатија и дуќани бидејќи Уставот тоа не го лимитира и не прави никаква разлика меѓу приватни, општествени и било какви стопански субјекти што дејствуваат во нашата држава.

Што се однесува исто така до третиот по ред по големина извор на буџетот царинските давачки, мислам дека и тука се познати состојбите, позната е дијагнозата и констатацијата дека и овде имаме голема ерозија на моралот пред се кон царинските служби и инспекции односно извршители дека тоа е веќе познато и преку средствата за јавно информирање дека има голем број на корупции, малверзации, мито, што навистина е време да се преземат мерки за да може да се заштити, пред се, се она што досега работеше исправно во алиментирањето на буџетот. Ова затоа што еве гледам на некој начин, на претходната седница што ја прекинавме се присутни одредени тенденции за

зголемување на одредени стапки на придонеси за покривање на трошоците и на буџетот и на одредени републички државни фондови, а тоа практично се сака и натаму да се прави од оние кои што досега плаќаа редовно, а кој што како што реков, навистина повеќе не се во состојба тоа да го прават од причините што ги наведов на почетокот. Затоа мислам дека мора да се преземат огромни мерки за да се вклучат новите стопански субјекти и сите други нови субјекти во новиот систем и тие исто така да го дадат својот придонес во конституирањето на државата односно во овозможувањето да може државата да функционира, а тоа најпрво ќе може да се направи со плаќањето редовно на сите придонеси спрема буџетот за да можат да се обезбедат функциите на државата и на сите институции што се финансираат од буџетот.

Ова се однесува на констатациите што се главно во приходниот дел од кој практично зависат и сите они подоцна наредени голем број на корисници на буџетот, за кој немам намера да давам одредени коментари бидејќи велам дека во тоа верувам и она што е предвидено со овој буџет е во рамките на она што е предвидено со можностите така што правичноста сигурно е и застапена, убеден сум во тоа, а тоа е најреално и најаргументирано можат да го кажат самите исготвувачи на буџетот. И мене ми се познати сите барања за толкаво зголемување, токму на овој дел, расходниот дел на буџетот бидејќи сите корисници на некој начин чувствуваат недостиг на средства, пред се на средства за обезбедување непосредно одвивање на основните дејности во функциите за кој што се определени, бидејќи колку толку платите на некој начин кај сите корисници на буџетот во секој случај, барем засега се обезбедени.

Она што сакам јас посебно да го искажам како стопанственик, на некој начин на овој буџет би имал одредени свои забелешки меѓутоа,

морам да кажам дека тоа сепак се совпаѓа со мојата концепција зашто и јас сум еден од тие кој работи во една таква организација која што често била вклучена во овие делови на буџетот што предвидуваат определени компензации субвенции итн., меѓутоа, морам да кажам од искуство во работењето дека овој принцип на работа навистина мораме еднаш да бидеме спремни радикално да пристапиме кон тоа, за да се спречат тие работи односно да се укинат, бидејќи на некој начин според мене излегува да работиме работа што претставува сипување од шупливо во празно односно земање од истите тие субјекти што тешко остваруваат доход и тешко острвуваат добивка или вишок на средства за да можеме да им дадеме аз да можат да преживеат.

Мислам дека многу подобро ќе биде стапките на зафаќања однапред да бидат намалени односно да бидат регидирани со тоа што практично ќе овозможиме средствата што се присутни во тие стопански субјекти, што се лимитирани и мали, сепак да останат кај нив за да можат да ги користат, за да можат да работат, за да можат да создадат услови за редовна работа, за да создадат услови на производство, за создавање на нови производи, на создавање на нова вредност, а преку тоа да можат да создадат услови и да дадат придонес во полнењето на буџетот и на алиментирање на буџетските потрошувачи. Оттука мислам дека бидејќи се тие на некој начин и во овој буџет, а буџетот прави напори да биде рестриктивен, на некој начин се само застапени како позиции, а вредностите, морам да кажам се минимални, се симболични и дека не ги решаваат проблемите за кои практично и го носат називот, името како штос е овде ставени и во самиот буџет.

Оттука велам и се залага и морам да кажам дека до крај ќе се залагам да минеме на едно економско стопанисување да не речам за што и декларативно се определивме за едно пазарно стопанисување во

кое навистина секое производство и секој стопански субјект ќе ги има своја цена. Ќе има цена во која ќе бидат вградени сите инпути, трошоци на производството и во која ќе биде вграден и одреден процент на акумулација што ќе може да служи за покривање на општата и заедничката потрошувачка, ако и за проширена репродукција во самите стопански субјекти. Доколку тоа не го овозможиме, мислам дека ние и понатаму ќе останеме како држава каква што беше и порано, како што беше речено и од други дискутанти, социјална држава, што не треба да биде цел ниту на нас пратениците ниту на било кој друг политички субјект, зашто треба да бидеме држава во која секој граѓанин, а посебно секој граѓанин што работи не треба да претставува социјален проблем. А сега морам да кажам, покрај тоа поголемиот дел се социјален проблем невработените, морам да кажам дека во нашата држава сега практично се сите вработени, кој се во работен однос претставуваат социјала, бидејќи платите што ги добиваат не се доволни да можат да преживеат. А тоа е токму од причина што имаме таква политика на цени во која цените не се навистина економски, не ги покриват сите трошкови на производството и тие кога го даваат својот производ на пазарот практично даваат и дел од својата акумулација, дел од своите основни - средства, дел од својот капитал го прелеваат преку тие производи на граѓаните, а практично со тоа сите осиромашуваме и граѓаните и вработените. Од тие причини велам моите сугестии се во таа насока, покрај тоа што еве оценка е дека овој буџет го прави тоа пресвртување, меѓутоа, мислам дека во тој поглед мора да бидеме што е можно поради-кални. Нормално дека тука ќе имаме и одредени последици, пред се социјални, меѓутоа еднаш мора да се тргне за да можеме оваа агонија што е меѓу нас повеќе од една деценија, да не продолжи бидејќи не верувам дека една таква состојба не ќе бидеме повеќе во можност да ја издржиме повеќе време.

V/1/јм/см

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претеседателе, почитувани пратеници, точно е тоа дека државниот буџет кој оваа година изнесува 15 милијарди и 116,5 милиони денари, се донесува во услови на позаострена економска блокада спрема Сојузна Република Југославија за кое што и господинот министер зборуваше, но и во услови на висока инфлација за која ние овде малку зборувавме. Јасно е дека авторите на овој буџет тргнале од претпоставка дека таа инфлација ќе се задржи на проектираното ниво од 15%, но во секој случај јасно е дека нема да биде таа намалена За тоа јас сметам дека нема претпоставки, затоа што за запирање на инфлацијата потребно е ново производство, а на такво ново производство на нови вредности ние не можеме да сметаме во текот на оваа година, нема за тоа гаранции. Видливи се напорите на предлагачот дека се определени ограничуваwата со цел поголема стабилизација мислам на оние ограничувања што се сврзани со Буџетот да се постигне поголемг стабилизација во стопанството. Министерството за финансии и другите надлежни служби очигледно се обидуваат да најдат начин да се зголеми и подобри финансиската дисциплина. Сигурно дека тоа е добро, затоа што со таквата финансиска дисциплина единствено ние можеме да ги постигнеме и целите, односно да се подобри собирањето на буџетските приходи. Меѓутоа, наша основна забелешка е што не можат да се обезбеди подобри резултати преку подоброто организирање на царинската служба, поорганизирано зголемување на приходите преку продажбата на цигарите и преземање на поефикасни мерки во обласа на оданочувањето на игрите на среќа што исто така, може да придонесе за зголемувањето на даночните приходи. На тој план ние малку направивме. Во планираните ставки на Буџетот не се предвидува зголемување на планираните приходи од продажба на општествените претпријатија, иако Законот за трансформација на општествениот

капитал го усвоивме и нормално е таквите приходи ние да ги очекуваме во текот на оваа година. Ако тоа не се оствари со позабрзана динамика тоа би било сериозен доказ дека моделот на трансформацијата ќе доживее целосен неуспех. Неспорен е фактот дека постојат премногу стопански субјекти што се ослободени од царина. Доколку оваа појава не се спречи и натаму ќе постои голем притисок врз данокот на промет на производи и услуги и не ќе можеме порамно- мерно да ги распоредуваме даночните пресии кои и натаму се присутни, кои притискаат не само врз стопанството, туку и врз населението. Познато е дека отворањето на јавни работи има позитивен ефект врз вработувањето и врз стопанството во целост. Меѓутоа, од страна на предлагачите тие ги нема како буџетска политика. Наша оценка е дека таквите јавни работи можат да се финансираат, но не од емисијата на пари, туку од реалните приходи, а како такви треба да се искористат пред се приватните вложувања, странските заеми, концесиите итн. за што Владата не зборува, иако тие беа досега најавувани дека во Република Македонија ќе постојат услови токму за таквите реални приходи. Точно е дека сите парични текови во државните институции мора да се канализираат преку државниот буџет. Тоа е основната претпоставка и за финансиската дисциплина. Меѓутоа, во овогодишниот буџет не се искажани сите приходи посебно оние што Република Македонија ги доби на име странска помош. Ниту овде претставниците на Владата тоа го кажуваат колку е примено, колку е потрошено итн. што исто сметам дека недостасува во образложението на овој Буџет. Нереална е претпоставката на авторите на Буџетот кои предвидуваат со сегашната даночна политика да се влијае врз инфлацијата во оваа година таа да се задржи како што реков на ниво од

15% како што и овде се предлага од една страна велам тоа е нелогично, затоа што од друга страна се предвидуваат 50,60% од парите за државниот буџет да се соберат од данокот на промет на производи и услуги во износот според ставката некаде 5,5 милијарди денари што е и највисоката ставка на приходите, а тоа е директен атак врз позитивната ориентација преку Буџетот која треба да се респектира, тоа е директен атак реков што ќе влијае врз инфлацијата. Позитивната ориентација преку Буџетот да се спроведува и финансиската политика спрема јавните претпријатија, односно да се оди на санација на нивните загуби ако е тоа една ориентација, тогаш зошто планерите на Буџетот не предлагаат дел од тие обврски на јавните претпријатија спрема банките да се претворат во сопственост на акциите во агенцијата за приватизација. Сигурно дека тоа е едно од решенијата. Кога за тоа веќе се создадени законски можности несфатливо е зошто за тоа се молчи, пак на повидок е сомнеж во еден од моделите што се нуди, а тоа е моделот за приватизација, односно Законот кој што неодамна го усвоивме. Наша заложба е и преиспитуван>е на политиката спрема девизните штедачи и каматата на тие девизни средства. Доколку годинава не можат да се обезбедат средства за исплата на каматата, тогаш таа камата да се препише, односно префрли на главницата. Тоа е единственото решение што може да се направи во овој момент. Меѓутоа, иако тоа го знаеме, за тоа не се зборува. Државниот буџет е еден од најголемите генератори на инфлацијата. Во тој случај од претставниците на Владата не се изнесоа уверливи аргументи. Ние слушавме овде само за политичка волја, за политичкиот аспект на тоа прашање, меѓутоа тоа не е доволна гаранција како што и реков.

V/4

Точно е дека планерите предвидуваат приходи за државната каса, предвидуваат такви суми кои сведочат за рестриктивен пристап на финансирањето на буџетските корисници. Сите ќе се сложиме дека Буџетот е рестриктивен. Меѓутоа, дали рестрикциите во земјоделието можат да бидат сосема оправдани, а тоа е присутно многу се намалени субвенциите во земјоделието. Со такви решенија последиците ќе бидат според мене погубни за оваа дејност која е од животен интерес за Република Македонија. Наспроти тоа сметам дека треба да се удвостручат средствата за суфинансирање на заштитата на животните, односно на заштитата од заразните заболувања како што е бруцелозата и другите болести, како и за регресот на каматите во земјоделието. Ако Буџетот претставува најдобра слика на целокупната состојба во Македонија и стопанска и политичка, тогаш со трошоците за одбраната, односно за војската чија ставка за одбраната и заштитата изнесува како што сите знаеме 2,2 милијарди денари односно 14,8% од Буџетот тоа се средства за одбраната. Дали ќе се обезбедат со таквите средства саканите цели и ако тие цели се обезбедат дали потоа слободно можеме да планираме и да насочуваме средства за други намени, на пр. за јавни работи, за обнова на селата, земјоделството, воспитанието и образованието. Ние за тоа немаме доволна аргументација. Во сета оваа владина активност лично ми смета индиферентноста спрема една од најсериозните прашања за Република Македонија,а тоа е зошто се молчи пред фактот дека Буџетските приходи се недоволно реално планирани, односно проценети. Се молчи пред фаворизирањето на инфлаторните текови. Ние излез мораме да бараме преку пореалното планирање на приходите со остро кастрење на расходите и сестрано поттикнување на приватната иницијатива, мораме да ги конкретизираме мерките за социјалните проблеми и не треба да дозволиме нивна ескалација.

Доколку тоа не се направи уште повеќе ќе се западне во криза од која и онака не може да се излезе така лесно. Тоа е лошо не само за стопанството, туку и за целото население во Република Македонија. Ние мораме на тоа да мислиме затоа што немаме ниту факти, ни докази дека Владата го конципира овој Буџет врз некаква програма за стабилизација на стопанството. Тука министерот ја спомна макроекономската програма, но таа сеуште не е усвоена и затоа јас сметам дека нереално е да се поаѓа од еден неусвоен документ кога веќе овде зборуваме за конкретни работи. И затоа сите понудени извори на приходи се нереални. Така беше и лани, а и сега истата таа ситуација се повторува. Буџетот уште не сме го усвоиле, а веќе се навестува и се размислува за негов ребаланс, значи во игра се сосема нереални планирања и нереална фискална политика. Во прилог на нашето тврдење дека планираните приходи се нереални покажува и преполовениот општествен производ чија вина ја сноси Владата. Нема гаранција за остварување на ставката за издвојувањата за здравството, за и онака оптоварените пензиски фондови, иако сите знаеме дека се повеќе и поголем број луѓе одат во пензии, па тие фондови уште повеќе се оптоварени како што е случајот и со здравството, односно со празните фондови за здравство, односно недостигот на средства за здравството. Активните работни капацитети во Република Македонија се намалуваат, тоа значи се намалуваат и новоостварената вредност. Нема редефинирање на даночната политика, иако и Владата е свесна дека таа не е добра, но и покрај тоа на овој план сеуште ништо не е конкретно преземено. Нема интервенти мерки за заживување на стопанството со цел да се урамнотежи потрошувачката. Тоа се факти за кои ние не можеме да молчиме и затоа посочуваме на нив затоа што нема навестувања дека ќе ни се случи она што овде веќе

сите го очекуваме дека ќе ни се случи некаков стопански препород. Гледаме дека се повеќе се оддалечуваме од таквите визии.

Конечно мораме да кажеме дека македонската Влада сеуште не ги одредила своите приоритети, дали се тоа на пример сообраќајници' Исток – Запад, вработувањето, или енергијата итн. Тоа се исто така важни компоненти кои што на еден, или на друг начин влијаат и на економските и на другите состојби, а на индиректен начин и на Буџетот. Планираните приходи од царините како што реков непримерно се мали, Владата треба да ги преиспита сите ослободувања од плаќањето на царина и да предложи нивно редуцирање.

На крајот лично сметам дека во услови на инфлација главните позиции за остварување на Буџетот треба да се изразат во цврста валута со цел да се добие увид за реалното движење на вкупниот обем на буџетските средства. Неспорен е фактот дека во извршувањето на државниот буџет задржани се остатоци од стариот модел на планирање. Наспроти тоа Република Македонија која претендира на членство во Меѓународниот монетарен фонд и светската банка не би требало да има буџет конципиран врз база на општествен производ. Ако се стремиме кон стопанска трансформација, мораме да кренеме во изработка на државен буџет со соодветна методологија, а тоа значи врз база на национален доход. Во тој случај ќе отпаднат многу проблеми сврзани со оние проблематични сфери како што се здравството, школството, војската и македонската држава во целост, а тоа засега останува една од најважните задачи што треба да се остварат со буџетската политика. Тоа е единствениот начин за излез од кризата, меѓутоа ние сеуште не гледаме дека Владата нуди некои решенија за излез од оваа криза во која што се наоѓаме.

V/7

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Јас ќе се обидам бидејќи салата е полупразна, а сигурно пратениците ги испадија така да речам долгите расправи, јас ќе се обидам да бидам доста пократка во своето излагање и се надевам дека нема само така да речам како што полно досега од оваа говорница тоа го рекле. Да почнам со одредени факти. Сметам дека онака како што е конципиран Републичкиот буџет за 1993 година со учество во општествениот производ со 14,5% и во висина од 15 милијарди според мене е сосема рестриктивен со тоа што износот што е понуден добро е да се оствари вака како што е понуден.

И само еден демант на претходните излагања, дека се најавува многу скоро ребаланс. Тоа не е точно, бидејќи досега заклучно со месеци мај имаше остварувања, односно извршување на Републичкиот буџет за една петина, што значи дека ако и дојде до ребаланс на Буџетот за 1993 година сигурно тоа ќе биде во последните месеци од оваа година. Тоа е така што ми падна во очи што беше кажано од страна на некои дискутанти. Понатаму имаше одредени расправи околу тоа дека царините ни се доста ниски, дека не ни се остваруваат и слично. Но, јас само ќе ги потсетам колегите дека ние тука неколку дена расправавме баш поради сите оние амандмани што беа поднесени за тоа што пониски да бидат царините, да имаме што повеќе ослободувања на царините, или стапките да бидат што пониски. Така што и тоа е еден краток демант во одредени расправи тука што беа изнесени. Сега кога овој буџет за 1993 година со износ од 15 милијарди би се претворил во германски марки тоа би изнесувало една милијарда германски марки. Јас навистина би била навистина задоволна кога ние и на крајот од годината би ги имале тие една милијарда германски марки во Буџетот со овој износ што еве сега го имаме во износ од 15 милијарди. Тоа ќе значи сигурно многу

работи, многу позитивни работи што треба да се десат во наредните неколку месеци. Сигурно тука е пред се висината на инфлацијата, стабилизирањето на цените на одредени производи и слично.

VI/1 ДВ/ЛБ

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**:(продолжение)

Износот на буџетот ние го лимитиравме со законот за општата и заедничката потрошувачка. Тоа е тој износ од кој што сигурно, еве и во денешната расправа на комисиите не се отстапи и не смееше да се отстапи во однос на понудените амандмани по овој ребаланс. Инаку како Комисија имавме три амандмани по кои се произнесовме во сабајлешната расправа.

Сега би сакала да кажам само една работа која навистина морам да ја спомнам и која што на Комисијата за финансирање и буџет во неколку наврати е истакнувана, кога се работеше за буџетот за 1991 , за буџетот 1992 и сега за буџетот за 1993 година а тоа е имено, имавме одредени забелешки кои сметаме дека се многу битни за расходниот дел на буџетот. Сите тие забелешки до поднесениот буџет за 1993 година не беа усвоени. Конкретно за што се работи? Се работи за , на некој начин утврдувањето на најголемиот дел на буџетот, тоа 46, 6% односно делот од буџетот на средствата за работа. Тоа е да launchreчеме скоро 50% од буџетот, од средства за работа на корисниците на буџетските средства, или 1/3 ако се земе само за личните доходи на вработените во органите на управата

Ние инсистиравме и сега инсистираме и на комисијата дури имаше и одредени размислувања дали воопшто да го поддржиме или не буџетот за 1993 година, точно тргнувајќи од неизвршувањето на она што спрема нас е доста битно за утврдувањето на обемот во расходниот дел на буџетот. Зошто се работи?

Сметаме дека актите за распределба, актите за систематизација и актите за распределба на буџетот, на платите на корисниците на буџетот веќе еднаш треба да се донесат и да бидат основа за квантифицирање во буџетите во оваа Република. Ве молам не може веќе да се толерира

да има одредени мртви души во финансирањето на буџетот, во исплатата на платите.

Беа изнесени, јас сега конкретно не би сакала да кажувам, неколку примери на Комисијата од сопствените општини одредени членови на комисијата каде што навистина нема толкав број на вработени спрема она што е предложено и што се финансира. Веќе еднаш, навистина, во овој дел Владата треба да го спроведе овој заклучок на Комисијата, а овој заклучок го донесе и Собранието по ребалансот за 1992 година. Така да и усвојувањето на Комисијата беше условно само за 1993 година. Вистина сметавме и сметаме дека ако има ребаланс до крајот на 19 93 година или за буџетот 1994 година, и ако во сите органи на управа не се донесат актите за систематизација и актите за распределба на платите на вработените, ние како комисија нема да го поддржиме ребалансот односно буџетот за наредната година.

Мислам дека го изнесов мислењето на комисијата, на тоа стоиме и навистина сметаме дека треба да опстоиме.

Го бранеше министерот за финансии буџетот пред Комисијата. Ние не сметаме дека навистина тоа е работа само на Министерството за финансии. За среќа министерството за финансии е едно од тие министерства кои што имаат вакви акти за систематизација и акти за распределба на лични доходи. Сигурно тоа го имаат и одредени други министерства, но немаат сите министерства. Немаат сите оние корисници на буџетот кои што црпат личен доход од овој буџет, па меѓу другото ќе земат личен доход и за ова година.

Навистина е недопустливо, иако имаше промена на една Влада па еве имаме друга Влада, но во министерствата сметавме дека има голем број од вработените кои не се сменети, голем дел и од помошниците и од замениците не се сменети. Голем дел од луѓето можеле и треба да

работат на овие акти. Недопусливо е 30% од вредноста на буџетот да оди за исплата на средства за работа на граѓаните, а тие да не се регулирани со едни вакви акти. ФАИК АБДИ:

Дами и господа пратеници, ајс ќе бидам многу краток. Само сакам да се обратам до овие господа наши новинари , да ја искористам оваа прилика. Бев да купам новина па едни пензионери ми рекоа зошто Нова Македонија не пишува дека јас сум зборувал вчера. Велам незнам зошто не пишува. Јас стално земам новина меѓутоа не читам што во Собранието затоа што сум во Собранието. Па господата Ј.Ми С.Д. зарем не ме гледаа вчера пет пати. Мислам дека тоа не е во ред. Но да launcheme дека не ме виделе, многу мал сум.

Во рамките на моето скромно познавање на економските токови и економската политика која што е имаме во моментот во РМ и економските состојби, јас сакам малку да земам збор околу ова што денеска разговараме. Наиме јас прво сакам да кажам дека многу време потрошивме денес за расправата за буџетот, при тоа што ние порано потрошивме многу повеќе време отколку сега. Дали сега можеме да измениме нешто ако сега разговараме за некои си состојби за некои одредени ресорни министерства, одредени состојби во некои други области од нашето живеење кои што се алиментираат од буџетот, дали нешто ќе исправиме. Јас сум сигурен дека ние денес нема ништо да исправиме, само овде малку ќе кажеме колку да кажеме, а тоа можеме да го сториме малку покасно.

Ајде на пример да се пофалам и јас малку. Вие знаете јас минатиот пат поставив едно пратеничко прашање. Во едно од училиштата каде што јас живеам таму има 430 ученици а има 56 наставници, професори. Тоа значи не се направило рационализација. За тие 430 ученици најверојатно би требало 20 учители, професори, наставници. Рестото,

брате ќе иде во Заводот за запослување и таму ќе чека односно ќе зема плата. Пак од некаде ќе бидат финансирани. Со тоа сакам да кажам дека има на многу места такви работи кои треба да ги дискутираме за да можеме да дојдеме до поголема рационализација.

Интересно е зошто ние денес ако зборуваме за онаа расходна страна, зошто не зборуваме за приходната страна. Што е тоа што не може да се зголеми оној дел, изворите на средствата. Ние многу пати зборувавме за тоа, ние знаеме и зошто заборааваме па ставаме кривица врз некого. Ние не смееме да затвораме очи пред себеси. Ние не смееме да не знаеме за Македонија во каква состојба се наоѓа. Сигурно е дека ние можеме да направиме нешто друго. Меѓутоа еве овде се зборува, нека ми прости колегата пратеник таму за онаа помош со еки итн., дали тие треба да се приходуваат. Тие се предмет на распределба, тие се помош, тие се за посебна намена итн. Според мене , колку се моите скромни познавања, не може во буџет да влезе нешто што е дојдено од страна како помош и не може со тоа да располагаме затоа што тие средства имаат своја намена.

Понатаму ние, да се разбереме имаме министерства, има- ме толку министерства колку што и требаат на секоја една држава и нас ни треба тој апарат. И ние сакаме плати овде , па колку ни беше"убаво"што вчера дури земавме плата . Значи извори нема.

Овде ние сите треба, да им се извиниме не, да им кажеме на сите оние кои примаат личен доход и се алиментираат од буџетот односно од даноците и придонесите од доход и личен доход по било кој основ дека сите сме во очајна ситуација и ова што го кажа господинот министер овде пред нас значи дека буџетот и средствата што се внатре испланирани, напишани на рака па искуцани, тоа претставува, според неговите зборови планирање на соодветна инфлација до крајот на

годината и со една проценка до колку инфлацијата ќе биде помала и средствата ќе бидат помали тука, а тоа значи секој месец ќе има помалку. Дај боже да биде така. Тоа значи ќе имаме поголема куповна моќ на пазарот, а што поголеми пари тоа значи поголема инфлација и поголема куповна моќ. Меѓутоа да се надеваме ^ тие поголеми пари да дојдат со поголема производство и поголем национален доход и така да бидеме побогати. Јас мислам дека треба да им се одаде признание на луѓето кои работеа на концепцијата на овој буџет и на сиве комисии и мислам дека не треба многу да се расплинуваме туку да го прифатиме она што е предложено затоа што не можеме да измениме ништо.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, нацртот на буџетот го разгледувавме пред месец дена и навистина е жално што истата ситуација се повторува. Исти актери, мал број на пратеници, господинот министер Хајредини е присутен и госпоѓата помошник Најденовска и само еден, «колку гледам заменик министер од новиот состав.

Мислам дека буџетот е најважен закон, спрема мене тоа е закон кој го регулира финансирањето на сите активности на нашата држава, а вака еден несериозен приод . Она што се случи кај нацртот еве го сега и при донесувањето на буџетот.

Сега не би правел споредба со онаа Владата што ја сменивме, меѓутоа оние критики што ги упативме минатиот пат на Владата, јас од оваа говорница кажав, ако министрите се зафатени, на седница се, постојат заменици министри, ги избравме пред месец дена, па има помошници министри. Ако имаме вака несериозен приод кон еден ваков закон нормално и нема што посериозно од него да очекуваме.

Сега би се осврнал само на кратко, пошто сите дискутанти беа кратки, бидејќи помина веќе 17,00 часот,незнам дали ќе ги почитуваме оние договори од порано што претседателот на Собранието до сега ги почитуваше.

Ќе се осврнам само на разделот од Министерството за информации. Тоа е раздел 41, посебни намени.

Во позиција 368, конто 418 стои "учество во финансирање на јавни гласила, предвидена е сума од 34.900.000 денари. За разлика од нацртот на буџетот во истата оваа позиција, исто конто стоеше "Учество во финансирање на општински јавни гласила". Дали дошло до некои измени јас внимателно го следев министерот, него- вата дискусија. Не разбрав дали со оваа измена, бидејќи сега не стои општински јавни гласила, туку само јавни гласила, дали општинските јавни гласила, мислам на локални радио станици и весници ќе ги препуштиме на нивната судбина и ќе бидат на самостојно финансирање. Тоа не ми е јасно па би го молел министерот да ми одговори. Кружи една верзија, заправо не е верзија, тоа е вистина дека македонската радио телевизија се наоѓа во многу лоша финансиска состојба, дури, нели она продолжение до 53-та седница што не ја завршивме требаше да се дискутира за состојбите во МРТ и јавните гласила. Наводно овие средства биле наменети за санација на лошата финансиска состојба во нашата телевизиска и радиот куќа. Тоа би го прашал министерот да ми одговори бидејќи сметам дека е битно.

Сега би кажал нешто за разделот 28, тоа е здравство. Не би водел големи дискусии, секогаш кога била тема здравство сум се јавувал бидејќи сум дел од овој сегмент во ова општество. Само ќе кажам со неколку зборови.

За мене е несериозно денес да разговараме за буџетот и ја дискутираме блиската иднина на македонското здравство, а знаеме каква му е финансиската состојба пред да разговараме за предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на законот за здравствена заштита што е всушност 35-та точка о 63-та седница што вчера не ја завршивме. По мене беше многу пологично овие измени што ги нуди Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за здравство што ги регулира активностите во здравството каде што таму предлагачот, нашиот министер нуди, според мене доста измени кои би барале финансиски решенија во овој буџет веројатно во понеделник или вторник да се дискутира за овој закон, незнам каков ќе биде епилогот дали ќе се усвои или нема да се усвои а денеска во буџетот тие ставки кои би се усвоиле, ако го усвоиме законот, не фигурираат како финансиски решенија во овој буџет. Тука се оние средства што ги баравме овде, на оваа говорница сите ние лекари, средства за хемодијализа, за цитостатици, инсулин, сандимун како имуно - сублесивно средство при трансплантирање на бубрези итн.

Добро е што постои хуманитарна помош, добиваме дијализери од хуманитарна помош, процесот на хемодијализа се одвива и понатаму. Дали ќе имаме дијализери уште месец или два и таа хуманитарна помош нормално ќе пресуши и хемодијализа за која овде водевме долги и долги дискусии, не само ние што сме здравство и др. како процес кој не трпи одлагање а бара огромни средства, над 30% од она што фондот го прибира, а знаеме како се алиментира фондот, тој е буквално празен. Засега не зеле мајска плата, очекуваме некаде до 3-ти или 4-ти јули да го земеме првиот дел од мајската плата и таа разлика што по оној закон ни следува, 24,70%. За вториот дел од мајската плата сигурно некаде на

крај јули или почетокот на август ќе биде. Значи ќе останеме веројатно без палта. И ако не предвидиме средства за овие активности во буџетот, слушнавме од госпоѓа Стојанова дали ќе правиме ребаланс или нема да правиме на буџетот или а ко воопшто се прави тоа ќе биде некаде декември месец, или ајде нека биде ноември. Во прашање е преживување на здравството и основните активности што се белег на нашето здравство. Според тоа сметам дека требаше прво да ја завршиме 63-та седница, да видиме дали овој предлог за донесување на закон за измена и дополнување на законот за здравствена заштита ќе се усвои, таму се предлагаат низа мерки, па тогаш да најдеме финансиски решенија за нив.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, сосема е разбирлив рестриктивниот однос на Владата кон Буџетот, но сепак намалувањето на средствата во раздел 21 на Министерството за земјоделие и шумарство не знам колку практично држи во оваа ситуација кога земјоделието се наоѓа во многу тешка состојба. Сигурно тешките состојби се резултат на ниските цени на земјоделските производи што произлегува од блокираниот пазар, високите цени на инпутите, а во последно време и катастрофалната суша која се заканува да нанесе огромни штети во земјоделието.

Од тие причини ако немаме поддршка од Буџетот и поширокaта општествена заедница земјоделието до крајот на годината ќе се најде во исклучително тешка состојба во која тешко ќе може само да изнајде решенија особено во санирањето на делот на каматите кои во овој момент се еден од огромните товари. Од тие причини сигурно дека сега со Буџетот тешко ќе може да се најде место за поголем обем на средства, предвидување поголем обем на средства, но сигурно со Ребалансот ќе може да се земе снага да се предвидат нешто повеќе средства, а и состојбите сами ќе диктивраат во овој раздел да се предвидат нешто повеќе средства отколку тоа сега.

Овде беше кажано од повеќе пратеници за делот на регресот, премиите и извозните субвенции. Практично тоа во западните земји, односно во развиените земји каде земјоделието има огромна поддршка од моќната индустрија тие се многу поголеми отколку во нашата Република која се движи некаде околу 8,6 и се сосема недоволни, меѓутоа, сигурно дека треба да се сведеме во оние рамки во кои практично моќта на нашата индустрија да го стимулира земјоделието.

Од таму ќе повторам уште еднаш без поддршка на Буџетот и пошироката општествената заедница, земјоделието ќе се најде во исклучително тешка состојба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе, дами и господа. Би сакал прво да кажам во начело дека на дневен ред е донесување на Републичкиот буџет за 1993 година кој Буџет стручно онака како е подготвен и како е даден со 4-5 амандмани ми се чини за прв пат ќе се донесе вака стручен буџет кој е изготвен од Министерството односно од Владата на Република Македонија. Мислам дека се созна сознанието дека треба еднаш навистина да се решаваат проблемите спрема можностите и да се обезбедат приближно средства иако непотполно онолку колку има односно за подмирувањето на неопходните потреби во овој период кога се наоѓаме во кривично отежнати услови на стопанисување кога стопанството не работи преку 45%, кога се заканува суша, кога земјоделието не произведува оној производ кој треба максимално и она производство кое не може да се пласира на пазарите кои беа порано.

Меѓутоа, би скратил приближно, но да укажам на некои работи. Во однос на приходниот дел да престанеме со досегашната пракса, законите и другите прописи да ги прилагодиме спрема вистинската положба која ја имаме во стопанството. При тоа можеби нема да го кажам исцрпно, меѓутоа би рекол, а сметам дека ќе ме разберете дека

приходите во однос на организациите кои ги создаваат односно производство на услуги и стока да се плаќаат при првата продажба даноците да се платат, а не подоцна кога ќе се продаваат преку неколку фази. Тука затајуваат даноците и не ги собираме така како гато треба.

Исто така на стоки и услуги кои се увезуваат од страна првиот увозник да ги плати сите даноци со тоа ќе можеме приходнит дел да го обезбедиме по онаа вредност да не се доцни затоа што корисниците на Буџетот како што беше кажано во до- сегашната дискусија и како што ги имаме состојбите прилично се доцни со исплатите на корисниците на буџетот. Со тоа мислам дека ќе се обезбеди поефикасно, побрзо обезбедување на средства. Толку за приходниот дел.

Во однос на расходниот дел ми се чини јас порано го барав тоа дека е неопходно потребно и неминовно да се донесе закон за плати, закон за платни разреди. Има прилично негодување со исти задачи на исти места поради тоа што се затекнале од порано со пониски или повисоки лични доходи примањата се различни во потрошувачката на платите. Сметам дека треба платен разред односно закон за плати како би на некој начин оние кои се обесправени да исправиме да бидат и тие рамноправни со другите. Тоа е прво.

Второ, мислам дека е исто така крајно време иако јас при,секое донесување на Буџетот инсистирав да се донесе програма за рационализација. Не можеме да правиме расходи таму каде немаме потреба од такви расходи. Па, ако е технолошки вишок да бараме решение за технолошките вишоци, меѓутоа, не можам да сфатам во образованието да имаме во секое школо благајник, книговодител и секретар. Иако би требало да биде тоа на ниво на општина или во

Министерството да бидат неколку души, а не да имаме толку многу администрација која е непотребна. Мислам на рационализација воопшто на сите служби ако имаме, тогаш нешто ќе се подобри ситуацијата.

Трето, финансирањето на службите кои со Уставот не се предвидени. Не треба да ги набројувам сите, меѓутоа сакам да кажам дека е крајно време или да ги ставиме во Уставот на РМ па да ги финансираме или да престанеме со финансирањето. На пример Јавното правобранителство, службите за имотно - правните односи до кога ќе финансираме ако беа потребни требаше да бидат ставени во Уставот на РМ. По тоа прашање толку, само треба да се види како и што можеме.

Четврто, нема доволно средства за буџетските корисници како на пример за царината. Царинските лични доходи се многу ниски неопремени, а одговорноста голема. Да погледнеме како се преминуваат граничните премини колку стопанството трпи со денови не може да се оцарини стока заради тоа што премините не се прилагодени према протокот на возилата така што има огромни тешкотии и службата а и стопанството трпи. Мислам дека треба да се обезбедат средства за граничните премини да се овозможи проток на стоки и патници да не се прават вакви штети, а сигурно кога една од поголемите ставки кои ги остварува Царинската служба мислам и наградувањето треба да биде сразмерно со другите служби кои ги имаме и ми се чини дека тие се потценети и нена- градени онака колку треба. Тука еднаш потсетив за граничните премини и паркиралиштата за кои треба и мора да се изнајдат средства да се обезбеди тоа на некој начин.

Петто, во фондот за недоволно развиените општини и краишта во РМ мислам дека ако имаме повратна инвестиција која ја инвестираме во Републиката, а тоа е во фондот на неразвиените подрачја, краеви и општини кои се повратни макар подоцна, меѓутоа се повратни. Мислам дека овие средства за пет години би се вратиле. Оваа ставка треба да биде поголема и на некој начин треба да се обезбедат трајни извори за такво финансирање. За кого служи фондот за развој? Сигурно служи на Република Македонија. Зошто? да ги искористиме сите оние можни капацитети кои ги имаме, поготово во планинските предели, да ги искористиме како би се оствариле поголеми финансиски резултати односно поголем доход и вработување. Оние површини кои се напуштија на некој начин треба да бидат повторно обработени и притоа мислам дека во земјоделието, како што беше кажано, исто така треба да настојуваме да се обезбедат што повеќе средства за премии и регреси во земјоделието, а поготово оваа година поради сушата така што и пласманот на земјоделските производи не ќе може да се оствари со очекуваните резултати. Меѓутоа, треба да се има нешто предвид и нешто да се направи. Инаку, свесен сум дека средства нема доволно.

Исто така за финансирање на некои потреби на Македонија на пример Телевизија Скопје, Радио - Скопје, издавачката дејност односно дневниот печат и средствата за информирање мораме сакале или не да го обезбедиме финансирањето и со тоа поголеми средства за партиципација на овие установи. На некој начин Телевизијата и Радиото на Република Македонија мислам само на државната телевизија не мислам на приватните и општинските телевизии, туку само на државната телевизија навистина ако е државна телевизија треба да и обезбедиме средства за работа и средства за лични доходи. Претплатата која ја имаме некои општини плаќаат некои не што е незаконито и треба да се

плаќа, меѓутоа има проблеми и мислам дека понатаму би требало исклучиво до Буџетот да се финансира Телевизија Скопје и да биде поголемо учеството во дневниот печат.

Еве, на овие работи сакав да укажам во иднина што би требало да се обезбеди при донесувањето на Буџетот и мислам дека добро се направени пресметките и калкулациите во однос предвидувањето на приходниот и расходниот дел на Буџетот што стапките не се покачуваат што не беше случај досега, а на некој начин се обезбедуваат средства и што мислам дека штедењето, непотребните инвестиции, непотребните трошоци Буџетот го веќе обезбедува, а исто така и другите прописи и политиката е таква што средствата кои тешко се добиваат до граѓаните и од организациите исто така да се намали нивното трошење само да се троши за оние неопходни потреби.

Кога сум тука да укажам уште на нешто. Министерството за економски односи со странство мислам дека е испуштено и не е предвидено онолку приходи колку треба за тоа министерство за работа и за обавување на функцијата. А знаеме сите други министерства беа формирани нешто порано, сите други министерства имаа и кадри и имаа основа за работа, меѓутоа, ова министерство е ново скоро формирано така што ги нема тие услови и со кадри и со друго и сигурно дека има проблеми, меѓутоа, ќе бидат решени ако се обезбедат потребните средства и за ова министерство.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, и министерот за финансии во своето воведно излагање изнесе некои податоци за настојувањата некои проблеми во здравството во однос на превентивата треба да се решат. Меѓутоа, од другите дискутанти на оваа седница како што беше Драги Арсов и д-р Владимир  Митевски изнесоа негативни

конотации во однос на состојбата во здравството. Мислам дека треба еднаш да сфатиме дека навистина состојбата во здравството е толку критична што дури здравството од финансиска гледан точка се распаѓа, а во крајна линија на негативните последици од тоа распаѓање паѓаат на товар на пациентите. Спрема тоа, оваа состојба што се случува во здравството со негативни тенденции кои рапидно се зголемуваат во последните години вклучувајќи го максимумот и оваа година треба сериозно во овој Парламент да бидат сфатени и да се најде вистинското решение.

Ова го кажувам од таму што материјалните трошоци во здравството во последните месеци достигна 50% во однос на платите. Додека во минатото платите и материјалните трошоци беа 70:30, материјалните трошоци во последно време како што реков пред малку изнесуваат 50:50 и наспроти тоа материјалните трошоци во однос на лекарствата во последните неколку месеци и година дена рапидно се намалија поради тоа што сами сме свидетели дека пациентите исцело ги плаќаат лекарствата било во амбулантно - поликлиничко лекување или за амупларната терапија, па и за оралната терапија и во стационарните установи. Ова е еден голем алармантен симптом знак кој треба секого во нашата земја да го загрижи па и Парламентот а се разбира и Владата и Министерството за здравство бидејќи Фондот за здравствено осигурување се наоѓа во склоп на Министерството.

Колегата Митевски рече дека платите на здравствените работници единствени во сферата на општествените дејности во последните неколку месеци ги делат на два дела и постепено се со неколку неделно задоцнување се делат. Како што е спомнато и во потполност го оправдувам дека мајската плата и до ден денеска ни таа од првата половина не е земена, а да речеме и тоа дека вредностите на платите

на здравствените работници се најниски од општествените дејности.

Комисијата за здравство на вчерашната седница го разгледа Предлогот на Буџетот и констатира неколку моменти. Иако Министерството за здравство во своите настојувања преку измените на Законот за здравствена заштита да внесе што поголема сума во превентивните дејности таа овој пат изнесува некаде околу 8 милијарди стари денари или изнесено во проценти спрема средствата кои треба да се соберат во Фондот за здравствено осигурување за 1993 година кои би требало да изнесуваат према јануарскиот износ на вредноста на денарот некаде околу 388 милијарди денари. Тоа направено во проценти изнесува 2,2%. Дали една држава ќе има здрава популација, ќе зависи колкави се износите за превентивната дејност од страна на државата преку Буџетот. Тоа е една констатација.

Втора констатација е тоа што настојувањата на Министерството за здравство за дијализата и други трошоци кои треба да се дадат во однос на набавување на инсулинот за лекување на дијабетичните болни, за наоѓање средства за купување на имуносупресивните лекарства кои се потребни за болните при трансплантација на бубрег.

Понатаму, цитостатичните средства кои се потребни за лекување на малигните заболувања итн., сите тие собрани во една група, а најголем дел од трошоците отпаѓаат на набавка на дијализери, спрема јануарската цена би изнесувале некаде околу 15 милијарди денари. Спрема тоа, ние бидејќи, не ние како Комисија за здравство, не ние како Парламент, бидејќи Законот дојде со големо задоцнување, бидејќи го баравме во изминатите 6 месеци ние не можевме ништо поединечно да се изразиме за овие средства да бидат внесени во Буџетот како посебен реден број 351-а.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Во ваква состојба и на Комисијата вчера заклучивме , барем да учествуваме со минимални средства а тоа е некаде, се на се со 2 милиони денари. Тоа се толку симболнични средства што не можат да ги задоволат потребите за дијализа ни за еден месец. А меѓународната помош која што учествуваше во овој контекст дијализерите добиени од странство ќе завршат со крајот на јули месец, а за останатите четири месеци од август односно во останатите пет месеци од август до крајот на декември овие болни каи што ги има некаде околу 370 ќе бидат навистина подложни на едно искушение дали нормално три пати неделно ќе им се извршува дијализа, двапати, еднаш, или пак ќе се редуцира во најголема мера, а навистина што ќе се одрази и врз онака кревката здравствена положба на тие болни.

Според тоа, како заложба од овој парламент, дали тоа во една блиска иднина од месец или два да се најдат начини и овие средства да влезат во буџетот или пак евентуално кога ќе дојде ребалансот. Како што слушнавме тука, ребалансот можеби би се очекувал таму кон крајот на годината, што сепак во однос на здравјето ова ќе има и те како уште поголеми негативни конотации.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, се јавив за збор во расправата во начело во својство на известител на Комисијата за образование, наука и култура од следните причини.

Комисијата го поддржа предлогот на Републичкиот буџет за 1993 година и констатира дека Буџетот е подготвен во согласност со законските прописи за изготвување на изготвување на ваков акт, во согласност делумно со предлозите и забелешките на работните тела

и во согласност со финансиските можности на државата. Меѓутоа Комисијата исто така констатира дека не може да посочи, не можам најстручни да се изразам , раздели и конта во предлогот на буџетот, кои би биле посочени за да може да с е билансираат дадените износи во тие раздели и конта , намалат и оd таму да се земат средства во интерес на образованието и оттука заклучи да не излегува со амандмани по предлогот на Републичкиот буџет за 1993 година. Затоа нема простор да учествувам во својство на известител во расправата по текстот на предлогот.

Меѓутоа, Комисијата донесе повеќе заклучоци и се јави за збор само во функција тие заклучоци да влезат барем во стенограмот, заради тоа што Комисијата за стана на становиште дека при евентуалниот прв ребаланс на буџетот, некои от тие црни дупки во билансираните средства за образованието, науката и културата ќе мора да се попеглаат од следните причини.

Комисијата искажа релативно задоволство од состојбите, билансираните средства за работа каде штос е главно платите, каде што се средствата за општествена исхрана итн., иако не ги задоволуваат потребите, посебно заради тоа што има разбирање за севкупните состојби заради тоа што и тука се примените истите критериуми какви штос е применети за сите други дејности. Меѓутоа , Комисијата расправајќи многу сериозно, споредувајќи ги билансираните средства и потребните во образованието, науката и културата, дојде до констатација дека на многу пунктови е загрозена функцијата на овие дејности, функцијата на образованието со сите негови сегменти - предучилишно, основно, средно и високо, каде што спаѓа и ученичкиот и студентскиот стандард, исто така во науката, исто така во културата. Посебно се укажа на неколку моменти. Дека далеку се под потребите и во Предлогот под

билансираните. Средствата за материјални расходи, посебно делот материјални трошоци. Дури се кажаа примери кои се навистина загрижувачки.  Знаете дека се распуштија школите, летен период е кога школите мора барем да се варосаат, да се обелат, дека имаме директори кои се наоѓаат во ситуација да не можат да набават ни доволни количини на вар за да бидат училиштата барем варосани. Со оглед на тоа што градежниот фонд со кој располага образованието е прилично стар, се покажува дека средствата се под билансирани за одржување на тој фонд, нема средства за тековно инвестиционо издржување, се покажува дека средствата се подбилансирани за задржување на нивото на ученичкиот и студентскиот стандард, за популацијата која што е посебно чувствителна се укажува на тоа дека и така билансираните средства нестигнуваат редовни и дека се јавуваат и дека се јавуваат проблеми со плаќање на додатни средства по основ на затезни камати, кои ја усложнуваат ситуацијата и оттука Комисијата заклучи да му предложи на Собранието при првиот нареден ребаланс иако колешката Славјанка Стојанова малку не отрезни заради тоа што во Комисијата се дојде до едно становиште дека наскоро би можело да има ребаланс. Меѓутоа, по се изгледа нај- веројатно нема да биде така, но заклучокот е дека при првиот ребаланс Комисијата ќе инсистира, при тоа, работевме заедно со Комисијата за труд и социјална политика и таа Комисија тие основни средства кои неодговараат на потребите, а директно влијаат на функцијата на еден личен стандард на вработени итн., која што мора да ја задржиме во интерес на сите тие кои ги користат образовните, културните и научните услуги да се попеглаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор, во претресот во начело?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

VIII/4.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот.

Пратениците Никола Стојановски, Јован Николов, Ташко Киров и Зоран Китев поднесоа амандмани на раздел 19 за додавање нова позиција 202-а, конто 433 и на раздел 21 за додавање нова позиција 223-а, конто 433.

Група пратеници поднесоа амандман на раздел 55, позиција 578, конто 435.

Комисијата за здравство поднесе амандман на раздел 28 за додавање нова позиција 351-а.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на раздел 29, позиција 368 по кој Владата не се произнела.

Исто така, пратеникот Тиме Андонов, поднесе амандман на предлогот на Републичкиот буџет за 1993 година и тоа во раздел 8 - Министерство за внатрешни работи, реден број 84, конто 416 - станови за вработените во Министерството за внатрешни работи,износ 100 милиони се менува и гласи 50 милиони.

Во раздел 10 Министерството за односи со странство, реден број 107, конто 418, средства за ДКП , износот од 35 милиони се менува и гласи 85 милиони.

Владата не се произнела и по тој амандман.

Овој амандман се однесува на раздел 8 и 10.

Отворам претрес по амандманот на предлогот на Републичкиот буџет за 1993 година поднесен од пратеникот Тиме Андонод и тоа во раздел 8 Министерство за внатрешни работи да се извршат одредени измени како ги прочитав.

Амандманот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Некои пратеници од место укажуваат дека нема кворум)

Колку се сега присутни во салата да видиме.

Во салата се присутни 56, ве молам повикајте ги другите да дојдат. Постојано се менува таа бројка. Сите се тука, веројатно надвор им е попријатно. Ве молам, викнете ги пратениците од ресторанот

(Пратениците што се присутни во салата чекаат да дојде уште некој пратеник за да може седницата да продолжи од 17,55 до 18,15 часот, но други пратеници не дојдоа).

Добро, очигледно нема расположение денес да се донесе буџетот. Во ред, јас не можам никого да обвинувам, политичкото однесување е работа на партиите кои ве ставиле на листата овде. Јас немам право да расудувам за тоа ништо. Некогаш тоа е тактика на полити ката борба, да се разбереме, така што она што сакам да ви кажам е дека точките за кои сега ние расправавме и сакавме да го донесеме Републичкиот буџет и законот за извршување на Републичкиот буџет мислам дека се греши од секој пратеник кога не се покажува минимален степен ан разбирање што е буџет за една држава, затоа , мислам дека нема оправдување за никого з а едно вакво однесување, освен за оние кои се јавиле како оправдано отсутни, затоа, еве сега јас мислам дека станува навредливо за државата понатаму овде да седиме и чекаме, сакам сега да прекинеме и објавувам дека за амандманите на буџетот ќе се почне да се гласа во 11 часот во понеделник, а седницата ја закажувам да продолжи во 10,00 часот во понеделник.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Од место)

И за Владата тоа да важи, и од Владата тука нема никој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, еве вака. Нека се погрижат сите пратенички групи координаторите на време да си ги известат своите пратеници за ова и сега, иако во Деловникот не постои, но на сите што не се оправдано отсутни, а некои од нив овде многу ни читаат лекции за демократија и за интересите на Македонија, а сега не се присутни, им изрекувам опомена.

Сега прекинуваме.

(Седницата прекина во 18,20 часот.)